Врз основа на член 20 став 1 алинеја 1 и 10, во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 39 став 1 алинеја 1 и 15 во врска со член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-2111/2 од 06.04.2016 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на ден 06.04.2016 година, ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 02-2185/1
07.04. 2016 год
СКОПЈЕ

# О Д Л У К А

1. Се одобруваат средства потребни за ангажирање на овластен проценител за процена на службено моторно возило, во сопственост на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно со одредбите од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15, 30/16), и тоа:

- патничко моторно возило марка „ПЕЖО 308", лимузина, со регистарска таблица SK-790-TS, идентификационен број VF34EBFSC55324262, идентификационен број на мотор 10FGAD0387660, година на производство 2009, боја на каросерија „МЕТ СИВА/18".

2. Износот на одобрени средства, потребни за ангажирање на овластен проценител за процена на службеното моторно возило наведено во точка 1 од оваа одлука, да не изнесува повеќе од 6.000,00 денари, со пресметан ДДВ.

3. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е сопственик на патничко моторно возило марка „ПЕЖО 308", лимузина, со регистарска таблица SK-790-TS, идентификационен број VF34EBFSC55324262, идентификационен број на мотор 10FGAD0387660, година на производство 2009, боја на каросерија „МЕТ СИВА/18".

Во Изјава за расходување на возило, заверена со архивски бр. 03-1685/1 од 25.03.2016 година, дадена од Живко Петрушев, распореден на работното место "Работник на пријавница" во Одделението за јавни набавки и општи работи, Сектор за информатичка поддршка и општи работи во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој управувал со ова возило од 2013-та година, наведено е дека во текот на изминатите години ова службено возило е редовно сервисирано кај овластен сервисер, за што во Агенцијата постои соодветна службена документација, заклучно до месец март 2015 година. Исто така, наведено е дека ова службено возило не е регистрирано од 2015 година, и дека е релативно старо, поради што како возач, давателот на изјавата смета дека истото не е безбедно за управување поради нестабилност на пат и негова дотраеност, а е нефункционално за користење во градски услови поради прекумерно трошење на гориво. Од напред наведената Изјава, неспорно произлегува дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како сопственик на напред наведеното моторно возило, трајно престанала да го користи истото, заради негова

технолошка застареност. Поради тоа, Агенцијата согласно член 42 став 1 и член 46 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија", бр.78/15, 106/15, 153/15), ова возило - „ПЕЖО 308", може да го продаде на начин и во постапка определена со наведениот Закон.

Согласно член 48 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, продажбата на движните ствари се врши со електронско јавно наддавање, а почетната цена на движните ствари што се предмет на продажба со електронско јавно наддавање е проценетата вредност на движната ствар утврдена согласно со Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15, 30/16).

За да може Агенцијата да пристапи кон продажба на наведеното возило согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, потребно е да се утврди проценетата вредност на движната ствар – патничко моторно возило марка „ПЕЖО 308", согласно со Законот за процена. На овој начин, ќе се утврди и состојбата во која се наоѓа моторното возило марка „ПЕЖО 308". Износот на одобрени средства, потребни за ангажирање на овластен проценител за процена на службеното моторно возило наведено во точка 1 од оваа одлука, да не изнесува повеќе од 6.000,00 денари, со пресметан ДДВ.

Во однос на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеја 1 и 10, во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 48 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15), и член 39 став 1 алинеја 1 и 15 во врска со член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-2111/2 од 06.04.2016 година, одлучено е како во диспозитивот на оваа одлука.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
* СКОПЈЕ *

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Сектор за правни и економско-финансиски работи;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архивата.